Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) преку програмата „ Комисијата за антидискриминација ја остварува својата превентивна и заштитна улога“ објавува јавен повик за доделување грантови. Програмата е финансирана од Европската Унија.




Целта на повикот е промоција на недискриминацијата, толеранцијата и еднаквоста преку водење на кампањи и промотивни активности во различни сектори и области на локално и национално ниво во Северна Македонија. На овој повик може да се пријават организации кои се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации најмалку две години пред објавата на повикот. **Целокупниот износ на финансиски средства** кој е на располагање во рамките на повикот за грантови изнесува **36.000 евра (2.214.000 МКД)**. А, ќе се доделат најмалку шест грантови во износ **до 6.000 евра (369.000 МКД) по грант**

. Грантот ќе покрие 100% од вкупните подобни трошоци.

**Рокот за поднесување на апликациите е 25 ноември 2022г., до 17:00 часот.**

Апликациите може да се доставаат на емејл адресата appgrant@mcms.mk со назнака во емејлот: **„Јавен повик за грантови“**
.

Доколку имате **дополнителни прашања** во врска со повикот, истите може да се доставаат на fiv@mcms.mk со назнака: Референтен број 09-87/2-2022, најдоцна до 22 ноември 2022 г. Поставените прашања и одговорите ќе бидат достапни на www.mcms.mk во делот вести и јавност.

Дополнително ќе се организира една **информативна онлајн сесија на 11 ноември (петок) 2022 г. на ЗООМ од 12:00 до 14:00 часот**.
Ве молиме задолжително да го најавите своето присуство за гореспоменатата инфосесија
**најдоцна до 10 ноември 2022 г. на fiv@mcms.mk**
. Линк од ЗООМ ќе добијат сите кои ќе се пријават.

Се поттикнуваат организациите ажурно да ја следат веб-страницата и фејсбук-страницата на МЦМС за да добијат навремени информации за веќе поставените прашања и одговори
.

Целокупните информации во однос на целите и очекуваните резултати од повикот, условите за аплицирање, подобните активности и начинот на аплицирање може да ги најдете во **упатството за аплицирање** . Самата апликација се состои од:

- Формулар за аплицирање ;
- Буџет ;

- Копија од тековната состојба не постара од 6 месеци;
- Копија од Статут на организација.

Доколку имате проблеми околу преземањето и/или имате дополнителни прашања, може да се обратите преку е-пошта на fiv@mcms.mk со назнака: Референтен број 09-87/2-2022.

Ве молиме проследете го овој повик до сите граѓански организации кои би биле заинтересирани.